УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ", СКОПЈЕ

SAINTS CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY OF SKOPJE
FACULTY OF ORTHODOX THEOLOGY
„ST. CLEMENT OF OHRID", SKOPJE

МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ – МИЛОСТА И МИЛОСРДИЕТО ВО БИБЛИЈАТА И ВО ЦРКВАТА"

Охрид, 20-22 октомври 2016

INTERNATIONAL CONFERENCE

# „ST. CLEMENT OF OHRID – CLEMENCY IN THE BIBLE AND IN THE CHURCH"

Ohrid, 20-22 October 2016

Издавач:
Православен богословски факултет
„Свети Климент Охридски“, Скопје

Publisher:
Faculty of Orthodox Theology
„St. Clement of Ohrid“, Skopje

Меѓународен уредувачки одбор:

Ѓоко Ѓорѓевски,
главен и одговорен уредник
Универзитет „Свети Кирил
и Методиј“ во Скопје, Македонија

Роланд Мејне,
Понтификален универзитет
Григоријана, Рим, Италија

Константин Преда,
Универзитет во Букурешт, Романија;

Ивајло Најденов,
Софиски универзитет „Свети
Климент Охридски“, Бугарија

Божо Лујиќ,
Универзитет во Загреб, Хрватска

Марија Тодоровска,
Универзитет „Свети Кирил
и Методиј“ во Скопје, Македонија

Дејан Борисов,
Универзитет „Свети Кирил
и Методиј“ во Скопје, Македонија

International editorial board:

Gjoko, Gjorgjevski,
Editor in Chief
Ss. Cyril and Methodius University of
Skopje, Macedonia

Roland Meynet,
Pontifical Gregorian University,
Rome, Italy

Constantin Preda,
University of Bucharest, Romania

Ivaylo Naydenov,
Sofia University “St. Clement
of Ohrid”, Bulgaria

Božo Lujić,
University of Zagreb, Croatia

Marija Todorovska,
Ss. Cyril and Methodius
University of Skopje, Macedonia

Dejan Borisov,
Ss. Cyril and Methodius
University of Skopje, Macedonia

Адреса на издавачот и контакт:
Ул. „Загребска“, бр. 29, 1000 Скопје

Лектура:
Петар Георгиевски
Зорица Велкова

Компјутерска обработка :
Зорица Велкова

Печатница:
Контура, Скопје

Address od the Publisher:
Zagrebska 29, 1000 Skopje

Proofreading:
Petar Georgievski
Zorica Velkova

Computer Processing:
Zorica Velkova

Print:
Kontura, Skopje

**Дејан БОРИСОВ**
Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј во Скопје

# КОЛКУ УЧЕНИЦИ ИМАЛ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО КУТМИЧЕВИЦА?

## Вовед

Во процесот на трагање по почетоците на создавањето на автентичната христијанска македонска словенска култура и писменост, покрај основоположниците на општословенската писменост, светите браќа Кирил и Методиј, неодминливи се ликот, делото и наследството на свети Климент Охридски. Токму овој нивен ученик, кој честопати се споменува заедно со останатите ученици на светите браќа: Наум, Сава, Горазд и Ангелариј е вистинскиот втемелувач на христијанството меѓу Македонските Словени. Свети Климент Охридски е оној кој ги поставил темелите и на вистинското описменување на Македонските Словени и на христијанството како нивна доминантна религија. Тој како алатка во својата мисионерска дејност ја користел писменоста, притоа, не лимитирајќи се само на просто описменување на Македонските Словени и давање инструкции за тоа како се пишуваат буквите, како се читаат (изговараат) и што значат самите букви. Неговата дејност е многу посеопфатна и претставува темел на создавањето на посебна словенска култура меѓу Македонските Словени изградена врз принципите на христијанството, а резултатите од неговата дејност се лесно забележливи и денес кога христијанството се смета како неодминлив и неделив дел од културата и идентитетот на Македонците.

За да укажеме на големината и неверојатниот подвиг што свети Климент Охридски го презел и успеал да го реали-

зира на крајот од IX и на почетокот од X век, а кој се однесува на описменувањето и христијанизацијата на Македонските Словени, ќе се обидеме да утврдиме колку луѓе му помагале на свети Климент Охридски во неговата дејност и дали нивниот број бил пресуден за успешна реализација на преземениот подвиг? Колкумина биле потребни за да се постават темелите за менување на дотогашната словенска култура, доминирана од старата словенска религија, со нова градена врз христијанските принципи?

## Климент од Мизија – од ученик до учител

Свети Климент Охридски потекнува од Мизија, Византија, односно од територијата на Македонија. Своето образование го добил следејќи го свети Методиј уште во периодот кога тој бил архонт на Словенското кнежевство или можеби нешто подоцна од времето кога свети Методиј е игумен на манастирот *Полихрон*, на планината Олимп (денешна Турција). Во неговиот образовен раст големо влијание имал и братот на свети Методиј, свети Кирил, еден од најучените луѓе на своето време, испробан и докажан дипломат, кој работел и како библиотекар при Магнаурската школа во Константинопол. Имајќи ги за учители овие интелектуални великани на нивното време, можеме да заклучиме дека образованието на свети Климент било според највисоките критериуми и најнапредните методи на византиската образовна традиција. Пиејќи од два извора свети Климент Охридски станал еден од најдобрите ученици на светите браќа, што впрочем го потврдува и Охридскиот архиепископ Теофилакт, кој во житието за свети Климент вели дека тој прв и најдобро ги изучил глаголските букви создадени од неговите учители. Но, сепак свети Климент како пример кој би го следел во својот живот одбрал да го има свети Методиј.

Посочивме дека свети Климент бил ученик на свети Методиј, но тој не бил неговиот единствен ученик. Свети Методиј имал повеќемина ученици-монаси во манастирот Полихрон, но нивниот број повеќекратно се зголемил во Моравија. Колку ученици имал свети Методиј пишува во *Оӣширноӣо жиӣие на свеӣи Клименӣ*, каде Архиепископот Те-

офилакт зборувајќи за наследството на свети Методиј, вели: „Мноштвото свештеници, ѓакони и ипоѓакони, кои ги остави тој по своето скончание во областа на својата помесна црква, до двесте на број. А ако толкумина биле само служители на олтарот, можеме да си претставиме колкави биле народните маси“.[1]

Од *Опширното житие* дознаваме дека додека свети Климент престојувал во Моравија тој е сотрудник на свети Методиј во христијанизација на тамошното население и по чин свештеник, а како *најучен маж*[2], заедно со Горазд ги претставува сите ученици на свети Методиј во споровите пред кнезот Свјатополк, како и во богословските дискусии со еретиците филеоквисти.[3]

По смртта на Методиј, свети Климент заедно со останатите Методиеви ученици е протеран од Моравија, а како земја каде сметал дека ќе биде безбеден и ќе може да ја продолжи својата мисионерска дејност ја одбрал својата татковина Мизија, која во тој период е под бугарско владеење. Во главниот град на Бугарското кнежевство пристигнал заедно со уште двајца соученици-чудотворци: свети Наум и свети Ангеларij, од кои вториов набрзо починал.

Во Плиска, свети Климент, свети Наум и свети Ангеларij биле најбараните проповедници на Христовото слово, а според *Опширното житие* се добива впечаток дека освен нив и немало други проповедници и учители или во најмала рака останатите биле далеку под нивниот авторитет. Нарацијата на Архиепископот Теофилакт ни ја наметнува оваа перцепција од една едноставна причина, а тоа е авторитетот на чудотворците Климент, Наум и Ангеларij, кои пропове-

---

1 „Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата на светиот отец наш Климент архиепископ словенски напишано од најсветиот и почитуван архиепископ Охридски и на Јустинијана Прима, г. Теофилакт, мајстор меѓу говорниците, образован во Константинополскиот град“, *Свети Климент Охридски – хагиографија и химнографија*, ed. Митрополит Дебарско-кичевски Тимотеј, превод мак. Виктор Недески, Охрид 2016, 46.

2 *Свети Климент Охридски – хагиографија и химнографија*..., 57.

3 *Свети Климент Охридски – хагиографија и химнографија*..., 48-54.

*Опширното житие*, исто така, сведочи за односот на канот Борис кон свети Климента и условите и средствата што биле издвоени за просветителска дејност во Кутмичевица. Имено, до сите жители од оваа област била издадена заповед да го почитуваат свети Климент и да му излезат во пресрет во сè од што ќе има потреба, „а за да му направи поголема чест, самиот Борис му подари на преблажениот Климент три од најубавите куќи во Девол, наменети за комитскиот род. Освен тоа тој му подари и места за да почива кај Охрид и Главница".[8] Бугарските преводи на овој дел од *Опширното житие*, од Матов[9] и од Илиев[10], се разликуваат како меѓу себе, така и од македонскиот превод на Недески[11]. Суштинската разлика меѓу бугарските преводи на Матов и Илиев и македонскиот превод од Недески е во тоа што во бугарските преводи стои дека врз населението силен впечаток оставило тоа што канот Борис му ги подарил на свети Климента овие места исе потенцира материјалниот аспект на настанот. За разлика од нив, во македонскиот превод, акцентот на нарацијата е врз пораката што канот Борис со ова сака да му ја пренесе на населението, односно ова го прави за да му оддаде поголема почит на свети Климент и токму поради тоа и почитта на населението кон свети Климент се зголемила. Цениме дека македонскиот превод од Недески подобро ја пренесува смислата на оригиналниот текст.

Но, зошто канот Борис му укажувал толку голема почит на свети Климент? Одговорот е едноставен, бидејќи бил свет човек. Ќе потсетиме дека свети Климент заедно со свети Наум и свети Ангеларий уште пред да преминат во бугарските земји извршија чудо – воскреснаа мртов човек, а потоа и бидејќи бил ученик на светите браќа Кирил и Методиј. Но, канот Борис сметал и на тоа дека свети Климент со својот духовен авторитет ќе успее да го христијанизира словенското

---

[8] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 69.

[9] *Животописъ на св. Климента...*, 21.

[10] *Vita S. ClementisArchridensis...*, 32.

[11] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 69.

население во овие предели, а потоа преку авторитетот на Црквата истото ќе се пасивизира и ќе стане лојално на бугарската држава. Бунтовноста на Македонските Словени меѓу кои ќе биде испратен свети Климент се манифестирала само неколку децении по смртта на светителот, кога на овие простори се дигнало востание против бугарската држава и се создала нова држава – Самуиловото царство. Во политички контекст, мисијата на која бил испратен свети Климент не се исполнила онака како што тоа го замислил канот Борис, но нејзината мисионерска и просветна цел свети Климент во целост ја исполнил. На овие територии била извршена христијанизација по мирен пат и согласно Христовото учење, и за разлика од претходно, овој пат христијанството се одржало меѓу Македонските Словени и денес тоа е неделив дел од македонската култура.

### Свети Климент во Кутмичевица

Свети Климент, кога пристигнал во Кутмичевица не дошол како епископ со епископски авторитет или власт, туку како свештеник, како мисионер, како учител кој продолжил да го прави она што го правел поголемиот дел од својот живот – проповедал, поучивал.

Овде сметаме дека треба да укажеме на за нас навистина интересен недостаток во *Опширното житие*, недостаток кој го има и во житието на свети Климент Охридски напишано од Охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан (XIII век), кое уште се именува и како *Краткото житие*. Имено, ниту еднаш не е спомнат или именуван надлежниот епископ, ниту какви биле односите меѓу свети Климент и надлежниот епископ, ниту, пак, односите меѓу канот Борис и епископот. Единствен дел од *Опширното житие* кој можеби се однесува и на надлежниот епископ е наредбата да му се помага на свети Климент во сè од што би имал потреба. Кон ова нè насочува тогашната состојба на Бугарската црква која имала достоинство на автономна црква под јурисдикција на Константинополската патријаршија. Неспомнувањето на надлежниот епископ за момент создава претстава дека свети Климент, по наредба на канот Борис, бил изземен од јурисдикцијата на

надлежниот епископ, но имајќи предвид дека свети Климент никаде не се спомнува како нарушител на црковниот поредок ова се чини неверојатно. Најверојатно локалниот епископ не сакајќи да влегува во конфликт со канот ја дозволувал, а согласно наредбата на канот и ја помагал дејноста на свети Климент. За ова сведочи и самото житие, и тоа во делот каде се зборува за учениците на свети Климент: „Од нив постави чтеци, ипоѓакони, ѓакони и свештеници“.[12] Во периодот додека свети Климент е во Кутмичевица тој има свештенички чин, а со самото тоа тој не може ниту да ракопроизведе ниту да ракоположи некого во овие чинови. Тоа е во надлежност на надлежниот епископ.

Од манастирот Полихрон во Мала Азија, преку Рим, Велика Моравија, Панонија, Плиска сѐ до Кутмичевица во Македонија, целиот свој живот свети Климент го посветил на служба на Црквата и следењето на Христовите зборови: „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сѐ што сум ви заповедал“ (Мт 28,19-20). Големо влијание врз неговата работа во Кутмичевица имале и зборовите што на смртна постела, како аманет, му ги кажал неговиот учител свети Методиј: „Бидејќи сте втемелени на каменот на апостолското исповедање и учење, врз кои е изградена Црквата и вратите на пеколот нема да ја надвладеат, зашто верен е Тој што го ветил ова. И никакво заплашување нема да ја разниша кулата на вашите срца, зашто научивте да не се плашите од силните на денот, ниту од оние што го убиваат телото, а на душата не можат да ѝ наштетат. Спротивно на ова, окрепувајте ги другите за да го чуваат заветот што го добивме од апостолите и од отците во нивното време, зашто тоа ќе го побараат од нас во денот на Судот“.[13]

Ширењето, чувањето и утврдувањето на верата во Христа е она што го движи свети Климента. Впрочем, ова е потврдено и во *Опширното житие*, каде стои: „Почестите ги

[12] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 71.

[13] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 44.

сметаше за почеток во борбата за словото и во проповедничкиот подвиг“.[14] Свети Климент патувал низ Кутмичевица и го проповедал христијанството: „Тој велегласно им го проповедаше Божјото спасение на незнабошците и на сите воопшто [...] докажувајќи дека како што целомудрениот живот без здрави догми всушност е мртво и смрдливо нешто, така и догмите без живот не водат кон живот“.[15] Овие зборови од *Опширното житие* сведочат дека дел од Словените од областа Кутмичевица сè уште биле пагани и сè уште ја пазеле и практикувале нивната словенска религија, но дел од нив биле и христијани, но во практика не живееле христијански живот. Го посочуваме овој дел од *Опширното житие*, бидејќи укажува на мигот кога се прекршува словенската култура, од култура која како дел од себе го има словенскиот паганизам во култура чија суштина ќе биде христијанството и неговите вредности. Токму дејноста на свети Климент Охридски во областа Кутмичевица го претставува историски миг кога сериозно започнува процесот на словенското присоединување кон христијанскиот свет и тој ги поставува темелите на македонската христијанска култура и семејни вредности што и денес се негуваат во македонското општество. Оваа неговата историска големина е потврдена и преку почитта што кон него ја имаат сите словенски народи кои, во негова чест и како знак на благодарност градот Охрид го именуваат како „словенски Ерусалим“ или „Ерусалим на Балканот“.

Менувањето на културата и традициите на еден народ преку менување или изместување на неговите традиционални и религиски вредности во историјата не е непознат процес. Него го практикувала и Римската империја наложувајќи им на покорените народи да принесуваат жртви и на императорот и на останатите римски божества. Подоцна, христијанизираната Римска империја, попозната како Византија само го продолжила и го усовршила овој процес. Целта постојано била иста, потчинување на населението што било во фокусот

[14] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 69.

[15] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 70.

на интерес. Ова биле желбите и тенденциите и на бугарскиот кан Борис, кој преку христијанството се обидувал да ја консолидира и обедини својата држава, а Македонските Словени, како најоддалечени од центарот на моќта на неговата држава, а истовремено и најблиску и директно изложени на византиските влијанија, претставувале сериозна закана за одржување на посакуваното единство на државата. Тие многу подолго биле под притисок, влијание и владение на Византија отколку под Бугарија. Овие влијанија секогаш биле изведувани под закана, додека свети Климент ќе успее овие промени да ги направи само преку личен пример.

Свети Климент е испратен меѓу Македонските Словени да изврши нивна христијанизација, бидејќи да си учител во тоа време значело да си мисионер. Сметам дека идејата на Борис за христијанизација на Словените во југозападните делови од неговата држава имала пред сè политички и државен карактер, а свети Климент бил свесен за очекувањата на владетелот од оваа мисија, бидејќи „постојано се грижеше за да не го разочара кнезот во надежите што ги полагаше во него".[16] Како што Ростислав бараше од Византија учители за да формира воено-политички сојуз, така и Борис сакал да го исползува свети Климента за приближување до населението од областа Кутмичевица, кое најверојатно ѝ давало најголем отпор на неговата власт. На вакво размислување нè наведува и тоа што тој оваа област ја издвоил од поголемата област Котокија, а потоа поставил и нов управител на истата, а испратил и нов учител – свети Климент. Делот од *Опширното житие* кој погоре го посочивме, ни укажува на свесноста на свети Климент за времето во коешто живее, но, исто така, целото житие сведочи за неговите лични убедувања и дејствување кои се темелат на Светото писмо и аманетот од неговиот учител. Да се сведе дејноста на свети Климент на исполнување на волјата на канот Борис би било неправедно и во најмала рака кусогледо. Впрочем, Божјата промисла и Неговата икономија е она што ги уредува работите во светот. Христос се воплоти во светот кога се исполни времето за тоа,

[16] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 69.

кога светот се издигна на таков степен да може да разбере Кој е Тој. Така, иако меѓу Македонските Словени претходно работеле многу учители и мисионери меѓу кои и светите браќа Кирил и Методиј, сепак христијанството на овие простори се утврдува кога свети Климент, според Божјата промисла, ќе дојде во Кутмичевица, а тоа е времето кога населението било подготвено доброволно да го прими Христа.

**Колку ученици имал свети Климент во Кутмичевица?**

Свети Климент својата учителска дејност во област Кутмичевица најверојатно ја започнал сам, а помош, на почетокот, имал од локалното население и државната администрација. На вакво размислување нè наведува логиката, а во контекст на наредбата од канот Борис и населението, и државната администрација, вклучувајќи го и управителот Домет, да му се најдат на Климента во сè од што би имал потреба. Сепак, додека патувал од место до место, бројот на лицата кои независно од наредбата пројавиле лична желба да ја слушаат неговата проповед и да научат да пишуваат и да читаат глаголица се зголемувал. Исто така, свети Климент следејќи ја практиката на неговите учители, од овие ученици, според степенот на нивниот интерес, напредок и карактер избрал ученици кои ќе му помагаат. Охридскиот архиепископ Теофилакт покрај многуте податоци ни ја дава и бројката на овие, посебно избрани ученици. Нивниот број е 3.500.

Во преводот на *Опширното житие* од Недески, во делот каде што се зборува за учениците на свети Климент, стои: „Во секоја парохија тој имаше неколкумина избрани од останатите, и тоа не малкумина, бидејќи се избројуваа до три илјади и петстотини, со кои почесто се среќаваше и им ги појаснуваше подлабоките места во Писмата“.[17]

Во македонскиот превод од 1966 година, стои: „Во секоја енорија тој имаше неколцина одбрани меѓу другите – и тоа не сосем малку на број, бидејќи надбројуваа до 3.500 души“[18].

[17] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 70.

[18] *Свети Климент Охридски 916-1966...*, 119.

Во бугарскиот превод од Матов, стои: „Во секоја епархија тој имаше по неколкумина мажи, и тоа не малкумина, бидејќи броеја до три илјади и петстотини“.[19]

Во бугарскиот превод од Илиев, стои: „Во секоја област тој имал избраници, кои не биле малку, туку броеле до три илјади и петстотини“.[20]

Во вака споредените преводи јасно се забележува разликата во суштината на информацијата меѓу македонските и бугарските преводи. Македонските преведувачи (на Недески е појасен) се доследни во преводот дека свети Климент од вкупниот број ученици имал издвоено 3.500 на кои им посветувал поголемо внимание. Според бугарскиот превод од Матов сите ученици од *епархиите* заедно броеле до 3.500, додека преводот од Илиев се сложува и со постариот и со поновиот македонски превод дека бројот на избраните ученици на свети Климент е до 3.500.

Пред да продолжиме со анализата на бројноста на учениците на свети Климент би укажале на уште една значајна разлика во посочените македонски преводи, наспроти посочените бугарски преводи. Имено, во обата македонските преводи се укажува дека областа Кутмичевица, територијата на која работи свети Климент, е поделена на *енории/парохии*. Во бугарскиот превод на Матов се зборува за *епархии*. Епархија е далеку поголема црковна административна територија и всушност самата е составена од парохии. Епархијата на чело има епископ, а парохијата свештеник – парох. Овој превод на Матов претпоставува дека областа Кутмичевица опфаќала територии од повеќе епархии. Во преводот, пак, кај Илиев се зборува за *области* што како црковна административна поделба не постои во Православната црква и истиот го сметаме за несоодветен. Македонските преводи на *Опширното житие* во голема мера се покажуваат поблиски на оригиналните ракописи од житието, од бугарските преводи и на Матов и на Илиев.

Бројката од 3.500 ученици, што ја посочува Охридскиот архиепископ Теофилакт, како што може да се забележи од

[19] Д. Матов, *Животописъ на св. Климента...*, 22.

[20] *Vita S. Clementis Archridensis...*, 32.

текстот на житието, не се однесува на вкупниот број ученици на свети Климент, туку само на оние кои тој ги избрал и со кои почесто се среќавал и им ги појаснувал подлабоките места во Писмата. Житието укажува и дека ученици на свети Климента, биле и деца, а не само возрасни (кај Матов се именуваат само како *мажи* избраните ученици). Ова е потврдено и понатаму во житието кога се укажува дека дел од избраниве се поставени за чтеци, ипоѓакони, ѓакони и свештеници, најверојатно според возраста и дарбите на учениците.[21] Православната црква свештенослужителските чинови ги условила и со соодветно пропишана старост за кандидатите што сакаат да ги примат, па оттука возраста на учениците соодветствува на посочените служби. Имајќи предвид дека двата македонски превода укажуваат дека бројот на избраните ученици е 3.500 нè изненадува општоприфатеноста во македонското општество, а и пошироко, на овој број како конечен број на светиклиментови ученици. Ова во најмала рака укажува дека вкупниот број негови ученици е далеку поголем, дотолку повеќе што *Опширнойо жийие* е јасно дека покрај овие ученици свети Климент имал и други, нему уште поблиски: „А нас, пак, смирените и недостојните нè направи поблиски до себеси отколку другите, поради својата љубов и благост. И ние постојано бевме со него, следејќи сè што вршеше и зборуваше, поучувајќи со обете".[22]

Доколку внимателно се прочита *Опширнойо жийие* на свети Климент се добива јасна претстава за рашireноста и делокругот на работа на свети Климент, а оттука и поделбата на учениците на свети Климент на три групи. Првата група е составена од оние кои добивале општо описменување, втората е составена од избраните 3.500 ученици кои покрај описменувањето добиваат и пошироко богословско образование, а третата група се неговите најблиски ученици кои не се дел од претходните две. Авторот на *Опширнойо жийие*, бивајќи и самиот служител на Црквата – архиепископ, се за-

[21] *Жийие, дејносй, исйоведнишйво и ойис на некои од чудайа...*, 71.

[22] *Жийие, дејносй, исйоведнишйво и ойис на некои од чудайа...*, 70.

држал само на податокот на оние кои биле подготвувани да ѝ служат на Црквата, но изоставил да го посочи вкупниот број на оние кои се описменувале, како и на бројот на најблиски ученици на свети Климент. Сепак, и овој податок за избраните 3.500 ученици е доволен да се добие јасна слика за успехот и општоприфатеноста на мисионерската дејност на свети Климент во областа Кутмичевица. Учителот на свети Климент, свети Методиј, имал до 200 ученици[23] во Моравија, а ученикот, свети Климент, 3.500. Ученикот го надминал учителот.

Многумина, размислувајќи за бројот на ученици се обидуваат да утврдат колку парохии опслужувал свети Климент во својата учителска дејност, па оттаму да дојдат до поточна претпоставка за вкупниот број негови ученици. Но, во житието никаде не е посочен ниту нивниот број, ниту, пак, вкупниот број населени места во областа Кутмичевица. Академик Петар Хр. Илиевски смета дека свети Климент поучувал во 12 парохии, а во секоја од нив имал по 300 ученици (12x300=3.600), а бројката ја заокружува на 3.500 и истото го поврзува со кабалистичка симболика.[24] Ова е далеку од патот по кој треба да се бара одговорот, особено ако се има предвид кои се авторите на житијата на свети Климент, Охридските архиепископи Теофилакт и Димитриј Хоматијан.

### Збор-два за *Охридската книжевна школа*

Кога се зборува за учениците на свети Климент и бројот 3.500 секогаш следува и спомнувањето на таканаречената *Охридска книжевна школа* или *Охридски универзитет*. Ова именување доаѓа од славистите и истиот се користи за диференцирање на македонската глаголичка писменост од бугарската кирилска писменост. Користењето на овие формулации за опис на неговите достигнувања сметаме дека претставува големо ограничување на она што тој го работел и на она што всушност го постигнал. Свети Климент Охридски го создал

---

[23] *Житие, дејност, исповедништво и опис на некои од чудата...*, 46.

[24] Петар Хр. Илиевски, *Нови сознанија за областа наречена 'Кутмичевица'...*, 37

и успеал да го рашири *првиот систематски и организиран образовен систем на словенски јазик на овие простории да изврши мироубива христијанизација на Словените во Македонија чиј плод ќе биде создавањето на Охридската архиепископија.* Потврда на последново е фактот што свети Климент Охридски починал во 916 година, а Охридската архиепископија е создадена на крајот од X век, па сепак и во македонската традиција и во општословенската, свети Климент Охридски е идентификуван и прифатен како нејзин прв архиепископ.

Лимитирање на вниманието и потенцирање само на светиклиментовите достигнувања на полето на писменоста и образованието претставува негирање на неговиот најголем успех, а тоа е коренита промена на културните и религиозните вредности на Македонските Словени и нивното присоединување на христијанската екумена.

**Заклучок**

Ниту едно од познатите житија на свети Климент не говори за вкупниот број негови ученици. Она што ни е познато е дека нивниот број е далеку поголем од бројот на ученици на неговиот учител свети Методиј (200) и дека бројот на избрани ученици кои ги подготвувал за активни служители на Црквата изнесува 3.500. Свети Климент Охридски го создал и успеал да го рашири првиот систематски и организиран образовен систем на словенски јазик на овие простори и да изврши мирољубива христијанизација на Македонските Словени. Имајќи предвид дека до крајот на векот, на просторот на кој тој мисионери ќе биде создадена автокефална словенска црква – Охридската архиепископија можеме само да заклучиме дека Божја промисла било во тоа време и на таа територија да биде испратен свети Климент за да го шири христијанството. Дури и денес, во време кога ни се достапни неспоредливо подобри технички и технолошки средства и алатки за образовна и мисионерска дејност се чини невозможно да се постигне она што успеал да го постигне свети Климент Охридски за само седум години.

Dejan Borisov
Faculty of Orthodox Theology
Ss. Cyril and Methodius University of Skopje

## КОЛКУ УЧЕНИЦИ ИМАЛ СВЕТИ КЛИМЕНТ ВО КУТМИЧЕВИЦА?

Учителската (просветителската) дејност на свети Климент е едно од најекспонираните и најпотенцирани негови дела, а бројката од 3.500 ученици најчесто се користи како да е конечна, без можност за нејзина промена. Но Житието на свети Климент Охридски од архиепископот Теофилакт дава поинакви податоци за бројот на неговите ученици во Кутмичевица, како и за обемот на неговата дејност. Во нашиот текст ги анализираме токму овие податоци од Житието на Теофилакт.